20252675160

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став (1) точка 1 потточка 1.5 и член 55 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 29 декември 2025 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ПАЗАРИТЕ НА ЕНЕРГИЈА(*)

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Цели на Правилникот

### Член 1

(1) Со овој Правилник се пропишува начинот и постапката за следење и вршење надзор над функционирањето на пазарите на енергија, како и начинот на евидентирање на учесниците на пазарите на енергија на големо, определување на лицата на кои им е забрането тргување засновано на внатрешни информации и исклучоците, начинот на објавување внатрешни информации, видот, содржината, формата, начинот и периодите на доставување и/или објавување на извештаите и податоците во Република Северна Македонија, преку следење на активности на операторите на преносните и дистрибутивните системи, активностите на сите останати носители на лиценци за вршење на енергетски дејности и учесниците на пазарите на енергија на големо со енергетски производи.

(2) Со Правилникот од ставот (1) на овој член исто така се пропишува и соработката и споделувањето на информации со релевантните регулаторни тела со цел да се обезбеди соодветно следење на спојувањето на пазарите ден однапред и во тековниот ден, следењето на имплементацијата на интеграцијата на договорните страни во спојувањето на пазарите ден однапред и во тековниот ден од страна на ACER, како и начинот на доставување на податоците неопходни за следењето од страна на операторот на електропреносниот систем и начинот на доставување на податоци неопходни за следење на имплементацијата на интеграцијата на договорните страни во спојувањето на пазарите ден однапред и во тековниот ден до ENTSO-E, на заедничко барање на ECRB, ACER и ENTSO-E.

(3) Следењето и вршењето надзор над функционирањето на пазарите на енергија го врши Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика).

(4) Целта на следењето и вршењето надзор над функционирањето на пазарите на енергија е да се обезбеди и/или овозможи:

1) зголемување на ефикасноста, конкурентноста, интегритетот и транспарентноста на пазарите на енергија,
2) откривање на неправилностите, нарушување на конкуренцијата и облици на нелојалната конкуренција на пазарот,
3) откривање на активности на пазарите на енергија спротивни на законите, другите прописи и обврските утврдени во лиценците за вршење на енергетските дејности и
4) откривање и спречување на тргување со енергетски производи на пазарот на големо засновано на внатрешни информации и манипулација на пазарите на големо со енергетски производи, вклучително и обид за манипулација на пазарите на големо со енергетски производи.

Digitally signed by Marko Bislimoski
Date: 2025.12.30 11:10:20 +01:00

* Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата (ЕУ) 1227/2011 на Европскиот парламент и на Советот на ЕУ за интегритет и транспарентност на пазарите на големо на енергија (CELEX 32011R1227) од 25.10.2011 година и Одлуката на Министерскиот Совет на Енергетската Заедница 2018/10/MC-EnC:

## Дефиниции

## Член 2

(1) Дефинициите за одделни изрази содржани во Законот за енергетика* се применуваат и во овој Правилник.

(2) Одделни изрази употребени во овој Правилник го имаат следното значење:

1) **биланс на енергија -** преглед на енергијата што влегува во еден енергетски систем, енергијата што излегува од системот и загубите на енергија;

2) **домаќинства потрошувачи на електрична енергија -** домаќинства потрошувачи на електрична енергија, групирани според годишната потрошувачка на електрична енергија (според класификацијата на EUROSTAT) во 5 групи;

3) **домаќинства потрошувачи на гас -** домаќинства потрошувачи на гас, групирани според годишната потрошувачка на гас (според класификацијата на EUROSTAT) во 3 групи;

4) **индустриски потрошувачи на електрична енергија -** потрошувачи на електрична енергија што не припаѓаат во категоријата домаќинства (индустриски и комерцијални потрошувачи) и се групирани во 7 групи (според класификацијата на EUROSTAT), во зависност од нивната годишна потрошувачка на електрична енергија;

5) **индустриски потрошувачи на гас -** потрошувачи на гас што не припаѓаат на категоријата домаќинства (индустриски и комерцијални потрошувачи) и се групирани во 6 групи (според класификацијата на EUROSTAT), во зависност од нивната годишна потрошувачка на гас;

6) **носител на лиценца -** лице на кое Регулаторната комисија за енергетика му издава лиценца за вршење на енергетска дејност во согласност со Законот за енергетика*;

7) **учесник на пазарите на енергија на големо -** лице што врши трансакции или дава налози за вршење трансакции на тие пазари во согласност со членот 56 став (4) од Законот за енергетика*;

8) **потрошувач на пазарите на енергија на големо -** учесник на пазар со потрошувачка на електрична енергија или гас дефинирана во членот 56 став (4) точка 5) од Законот за енергетика*;

9) **оператор на систем -** оператор на електродистрибутивниот систем или оператор на електропреносниот систем кога станува збор за електрична енергија, оператор на систем за пренос на гас или оператор на систем за дистрибуција на гас кога станува збор за гас или оператор на систем за дистрибуција на топлинска енергија кога станува збор за топлинска енергија;

10) **пазари на енергија -** пазар на електрична енергија, пазар на гас, пазар на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт и пазар на топлинска енергија;

11) **пазар на енергија на големо -** пазар за продажба и купување на енергија што ги опфаќа трансакциите остварени меѓу производителите, трговците, снабдувачите и потрошувачите што самостојно учествуваат на пазарот, како и операторите на преносни и дистрибутивни системи на енергија при набавка на енергија за покривање на загубите во своите системи, при што во смисла на членот 56 од Законот за енергетика* е и секој пазар во договорна страна на Енергетската заедница (ЕЗ) или во држава членка на Европската унија (ЕУ) на кој се тргува со енергетски производи на пазарот на големо;

12) **пазар на енергија на мало -** пазар за продажба на енергија на потрошувачи што ги опфаќа трансакциите меѓу снабдувачите и потрошувачите;

13) **период на известување -** временски период за којшто се однесуваат податоците и информациите коишто ги доставуваат носителите на лиценци;

14) **потрошувач-производител -** го има значењето утврдено со Правилникот за обновливи извори на енергија, донесен врз основа на Законот за енергетика*;

15) **приговор на потрошувачите -** изразување (преку различни можни форми: писмо, електронска пошта, телефонски повик, физички побарувања) на незадоволство на потрошувачите;

16) **странски трговец или снабдувач -** подружница на странско лице што е запишана во Регистарот на странски трговци и снабдувачи со електрична енергија и гас што го води Регулаторната комисија за енергетика;

17) **трговија со енергија -** купување на енергија во Република Северна Македонија и/или странство заради продажба на други учесници на пазарите на енергија на големо, како и за продажба во странство;

18) **универзален снабдувач -** носител на лиценца за снабдување со електрична енергија врз основа на обврската за обезбедување на универзалната услуга снабдување на домаќинствата и малите потрошувачи, избран врз основа на Законот за енергетика*;

19) **лице** – секое физичко или правно лице;

20) **поврзани друштва** – се поврзани друштва во согласност со Законот за трговските друштва;

21) **чувствителна информација поврзана со критична инфраструктура** - факти (информации) за критична инфраструктура, кои ако се обелоденат можат да се искористат за планирање и дејствување со намера да се предизвика прекин или уништување на инсталациите на критична инфраструктура и

22) **критична инфраструктура** – средства, систем или дел од систем лоциран во Република Северна Македонија што е од суштинско значење за одржување на виталните функции на општеството, здравството, сигурноста, безбедноста, економската или социјална благосостојба на луѓето и чие нарушување или уништување има значајно влијание во Република Северна Македонија, како резултат на неисполнувањето на тие функции.

(3) Одделни кратенки кои се користат во овој Правилник го имаат следното значење:

- AIT – Индикатор за просечно времетраење на прекини во напојување со електрична енергија на потрошувачи и производители, складишта, делови на дистрибутивни системи и затворени дистрибутивни системи приклучени на електропреносната мрежа, изразен во часови на годишно ниво;
- ЕЕС – Електроенергетски систем,
- ENS – Индикатор за неиспорачана електрична енергија на потрошувачи и производители, складишта, делови на дистрибутивни системи и затворени дистрибутивни системи кои се приклучени на електропреносната мрежа, поради непланирани прекини во напојувањето со електрична енергија, изразен во (MWh) на годишно ниво,
- ЕУ – Европска унија
- ОЕДС – Оператор на електродистрибутивен систем, вклучувајќи ги и операторите на затворените дистрибутивни системи,
- ОЕПС – Оператор на електропреносниот систем,
- ОИЕ – Обновливи извори на енергија,
- ОПЕЕ – Оператор на пазар на електрична енергија,
- ООПЕЕ – Оператор на организиран пазар на електрична енергија,
- ОСДГ – Оператор на системот за дистрибуција на гас, вклучувајќи ги и операторите на затворените дистрибутивни системи,
- ОСПГ – Оператор на системот за пренос на гас,
- ОПГ – Оператор на пазарот на гас
- Регулаторна комисија за енергетика – Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија,
- SAIDI – Индикатор за просечно времетраење на прекини во дистрибутивниот систем за електрична енергија,
- SAIFI – Индикатор за просечен број на прекини по потрошувач во дистрибутивниот систем за електрична енергија,

- EUROSTAT – Канцеларија за статистика на ЕУ,
- ECRB – Регулаторен одбор на Енергетската заедница,
- ЕЗ - Енергетска заедница,
- КЗК – Комисија за заштита на конкуренцијата,
- ACER – Агенција за соработка на енергетските регулатори на ЕУ,
- ENTSO-E – Европска мрежа на оператори на електропреносните системи.
- ENTSO-G – Европска мрежа на оператори на системи за пренос на гас.

(4) Во овој Правилник, освен ако од некоја одредба од овој Правилник не произлегува поинаку, се применуваат следните правила за толкување или упатување:

1) изразите и кратенките кои се користат во еднина ја вклучуваат и множинската форма и обратно;
2) секој род ги вклучува сите родови;
3) поимот „член“ упатува на член од овој Правилник;
4) поимот „став“ упатува на став од членот во којшто е содржан тој став и
5) поимот „Прилог“ упатува на прилозите на овој Правилник, кои се составен дел на овој Правилник.

**Примена на Правилникот**

**Член 3**

(1) Следењето и вршењето надзор над функционирањето на пазарите на енергија претставува збир на активности кои што се однесуваат на собирање, обработка и анализа на податоци и информации, како и објавување на информации за:

1) исполнувањето на законски утврдените обврски на вршителите на регулирани енергетски дејности коишто се однесуваат на обезбедување на сигурност во снабдувањето со електрична енергија, гас и топлинска енергија,
2) функционирањето на пазарите на енергија со цел да се обезбеди нивно унапредување и сигурност во снабдувањето со енергија, вклучително и развојот на конкурентноста и степенот на отворање на пазарите на енергија на големо и мало,
3) примената на правилата и условите или методологиите кои согласно Законот за енергетика* вршителите на енергетски дејности ги применуваат непосредно или по претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика,
4) реализацијата на плановите за развој на преносните и дистрибутивните системи за енергија и по потреба бара или препорачува да се изврши промена на овие планови,
5) пристапот до мрежите за новите производни постројки за производство и складирање на електрична енергија, особено отстранување на пречките кои би можеле да го оневозможат пристапот на нови учесници на пазарот на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и на складиштата на енергија и на секои две години објавува национален извештај, во кој се вклучени и препораките,
6) приоритетно диспечираните количини на електрична енергија и за ограничувањата на приоритетниот пристап на мрежата и/или приоритетното диспечирање,
7) условите за пристап до капацитетите за складирање во системот за пренос на гас и другите системски услуги за гас,
8) употребата на приходите остварени од управувањето со загушувањето во системите за пренос на електрична енергија и гас,
9) употребата на приходите од надоместоците за пристап и приклучување на мрежите за пренос и дистрибуција на енергија и нивно инвестирање во одржливост на мрежите,
10) времето што им е потребно на операторите на системите за пренос и дистрибуција за приклучување на нови корисници и за отстранување на дефекти,

11) примената на правилата за сајбер безбедност на објектите за производство и системите за пренос и дистрибуција на енергија,
12) усогласеноста на работењето на операторите на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија и гас во однос на сигурност и доверливост на системите,
13) навременото објавување на сите релевантни информации од страна на операторите на системите за пренос и дистрибуција во согласност со прифатените меѓународни обврски и стандарди, поврзани со потрошувачката, производството, складирањето и загубите на енергија, управувањето со системите и интерконективните водови, користењето на мрежата и доделувањето на капацитетите на заинтересираните страни, балансирањето на побарувачката, проценетите и планираните количини на енергија и промените во структурата на капацитетите за производство, складирање и пренос на енергија, техничката состојба на системите за пренос и дистрибуција на енергија пред и по извршената реконструкција или санација по настаната хаварија,
14) нивото на транспарентност на цени за електрична енергија и гас на соодветните пазари, финансискиот и реалниот обем на планираните и реализираните трансакции од страна на операторите на системите за пренос и дистрибуција на енергија како и трговците и снабдувачите со енергија,
15) промените на сопственичката структура на вршителите на енергетски дејности, а особено на операторите на системите за пренос и дистрибуција на енергија,
16) примената на тарифните системи и пропишаните тарифи,
17) примената на условите и надоместоците за приклучување на нови производни постројки и постројки за складирање на електрична енергија на мрежата,
18) работењето на носителите на лиценци во однос на нивните обврски утврдени во издадените лиценци, вклучувајќи ги и работите поврзани со прекуграничниот пренос на електрична енергија и гас,
19) појавата на ограничувачки договорни обврски, вклучувајќи одредби за ексклузивност коишто оневозможуваат потрошувачите да склучуваат договори истовремено со повеќе снабдувачи со енергија или кои може да им го ограничат правото на изборот на снабдувач и за тоа да ја известува Комисијата за заштита на конкуренцијата,
20) спроведувањето на мерките за заштита на правата на потрошувачите од страна на операторите на системите за пренос и дистрибуција, како и снабдувачите, особено во однос на правата на потрошувачите да добијат податоци за сопствената потрошувачка, начин на пресметка на испорачаната енергија и елементи на сметката за испорачаната енергија, добивање на целосни и разбирливи информации во поглед на цените и тарифите што се во примена за домаќинствата, начините на плаќање на сметките за потрошена енергија, известување на потрошувачите за последиците од нефункционирањето на системите за пренос и дистрибуција на енергија поради вршење реконструкција или санација по настаната хаварија, исклучувањата на корисниците од системите, надоместоците за поправки и одржување на мрежите односно приклучоци на мрежите, постапувањата по приговорите и претставките доставени од потрошувачите, обезбедување на информации за потрошувачите што се однесуваат на нивните права на договори за снабдување со електрична енергија со динамична цена, договори за агрегација и инсталирање на паметни мерни уреди,
21) остварувањето на придобивките за потрошувачите кои произлегуваат од ефикасното функционирање на пазарите на енергија, поттикнувањето на делотворна конкуренција и од преземените мерки за заштита на потрошувачите,
22) усогласеноста на цените за снабдување со електрична енергија со барањата од членот 6 од Законот за енергетика*,
23) квалитетот на услугите кои ги даваат вршителите на енергетски дејности, вклучувајќи го начинот на кој се постапува со приговорите од потрошувачите,

24) спроведувањето на обврските за водење на одвоено сметководство за лицата кои вршат една или повеќе регулирани енергетски дејности или една или повеќе регулирани енергетски дејности и друга енергетска дејност или друга дејност, како и делотворното раздвојување на сметководствената евиденција во согласност со Законот за енергетика*,
25) спроведувањето на програмите за усогласување на операторите на соодветните енергетски системи, со цел да се обезбеди недискриминација, транспарентност и објективност во функционирањето на пазарите на енергија,
26) редовноста на објавувањето на податоци за состојбите во електропреносниот систем и системот за пренос на гас и нивното доставување до соодветните меѓународни тела,
27) инвестициите во капацитети за производство на електрична енергија во однос на сигурноста на снабдувањето со енергија,
28) утврдување и следење на спроведувањето на мерките и постапките за заштита и унапредување на правата на ранливите потрошувачи утврдени со Законот за енергетика*,
29) усогласеноста на работењето на субјектите одговорни за спроведување на функциите на пазарно спојување,
30) техничката соработка меѓу операторите на системите за пренос, операторите на пазарите на електрична енергија и гас со соодветните оператори од договорните страни на ЕЗ и државите членки на ЕУ,
31) активностите за тргување со енергетски производи на пазарот на големо со цел да открие и спречи тргување засновано на внатрешни информации и манипулација на пазарот на енергетски производи на големо, вклучително и обид за манипулација на пазарот на енергетски производи на големо,
32) следење на работата на електроенергетскиот систем и координацијата во рамки на регионот на заедничко управување со системот.

**Начин на спроведување**

**Член 4**

(1) Носителите на лиценци се обврзани да доставуваат до Регулаторната комисија за енергетика податоци и информации утврдени во овој Правилник потребни за следење на функционирањето на енергетските пазари на начин, во форма и според условите утврдени од Регулаторната комисија за енергетика.

(2) По исклучок на ставот (1), податоци за месечно производство на електрична енергија не доставуваат носителите на лиценци за производство на електрична енергија на кои им е одобрено користење на повластени тарифи.

(3) Регулаторната комисија за енергетика ги утврдува и ги објавува на својата веб страница типските обрасци на кои што се доставуваат информациите и податоците од ставот (1), како и инструкциите за начинот на преземање на обрасците, начинот на наведување на податоците и информациите во обрасците и доставувањето на обрасците.

(4) Регулаторната комисија за енергетика ја објавува промената на обрасците и инструкциите за начинот на доставување на податоците и информациите во променетите обрасци на својата веб страница најдоцна 90 дена пред крајниот рок за доставување на податоците што се однесуваат на пазарот на електрична енергија, односно 60 дена пред крајниот рокот за доставување на податоците за останатите пазари на енергија.

(5) Типските обрасци од ставот (3) се доставуваат исклучиво во електронска форма преку соодветни веб платформи коишто ги воспоставува и одржува Регулаторната комисија за енергетика.

(6) Податоците и информациите од ставот (1), по правило, се доставуваат најдоцна 30 дена од последниот календарски ден на периодот на известување, освен за податоците што се однесуваат

на пазарот на електрична енергија за кои што рокот изнесува 60 дена, освен доколку во типските обрасци од ставот (3) не се утврдени поинакви рокови за доставување.

(7) Периодот на известување за кој се однесуваат типските обрасци од ставот (3), по правило, изнесува еден календарски месец, освен ако поинаку не е утврдено во овој Правилник или во типските обрасци од ставот (3).

(8) Периодот на известување за бројот на потрошувачи, количества и просечни цени на продадена енергија, како и тарифи за пренос и дистрибуција по групи потрошувачи според класификацијата на EUROSTAT изнесува шест месеци.

(9) Носителите на лиценци за вршење енергетски дејности можат да достават корекција на веќе доставените податоци, најдоцна 30 дена од денот на доставување на податоците што се предмет на корекција, на начин утврден во инструкциите од ставот (3).

(10) Покрај податоците што се доставуваат до Регулаторната комисија за енергетика преку типските обрасци од ставот (3), Регулаторната комисија за енергетика може да побара од носителите на лиценци да доставуваат и други податоци и информации пропишани со лиценцата, и тоа:

1) годишни извештаи во електронска форма преку веб платформите од ставот (5) и
2) по потреба, податоци и информации во електронска или печатена форма што се неопходни за реализација на активностите од членот 3.

(11) Во смисла на овој Правилник, при утврдување на обврските за доставување податоци:

1) носителите на лиценци за енергетски дејности на коишто во лиценцата им е утврдена обврска за обезбедување на јавна услуга треба да доставуваат податоци на одделни обрасци за секоја енергетска дејност и/или јавна услуга, одделно, и
2) странските трговци или снабдувачи се смета дека се носители на лиценца соодветна на видот на дејноста со која се запишани во Регистарот на странски трговци и снабдувачи на електрична енергија или гас и се должни да доставуваат податоци според овој Правилник.

(12) Лицата што истовремено поседуваат лиценца за трговија со електрична енергија и лиценца за снабдување со електрична енергија, односно лиценца за трговија со гас и лиценца за снабдување со гас, доставуваат податоци само на типските обрасци од ставот (3) наменети за снабдувачите, во кои ги вклучуваат и податоците што произлегуваат од нивните активности од трговијата.

(13) Сите податоци и информации што се доставуваат до Регулаторната комисија за енергетика според овој Правилник ќе се сметаат за доверливи и Регулаторната комисија за енергетика ќе ги користи и чува на начин со кој ќе се оневозможи злоупотреба и неовластен пристап. Регулаторната комисија за енергетика, со интерен акт го пропишува начинот на чување на податоците, заштитата од злоупотреба и неовластен пристап.

(14) Заради обезбедување на ефикасно следење на функционирањето на пазарите на енергија, Регулаторната комисија за енергетика може да собира, користи и анализира податоци и информации и од други извори, а кои што ќе ги користи и објавува во согласност со закон, друг пропис и прифатените меѓународни стандарди.

**Евиденција на учесници на пазарот на енергија на големо**

**Член 5**

(1) Врз основа на членот 56 од Законот за енергетика*, Регулаторна комисија за енергетика воспоставува и редовно ажурира евиденција на учесници на пазарот на енергија на големо (во понатамошниот текст: Регистар).

(2) Податоците што ги содржи Регистарот се пропишани во Прилогот 1.

(3) Со уписот во Регистарот, Регулаторната комисија за енергетика му доделува ECRB регистарски код на учесникот на пазарот на големо, којшто е единствен во рамките на ЕЗ и се генерира во согласност со правилата наведени во Прилогот 2.

(4) Регулаторната комисија за енергетика, после доставување на целосно барање за упис во Регистарот, ќе го додели ECRB регистарскиот код и ќе ја објави информацијата на својата веб страница во рок од пет работни дена од доставување на барањето. Со доделувањето и објавувањето на ECRB кодот се смета дека учесникот е регистриран во Регистарот.

(5) Регулаторната комисија за енергетика го објавува Регистарот на својата веб страница и им обезбедува пристап на Секретаријатот на ЕЗ и ECRB.

(6) Регулаторната комисија за енергетика ќе воспостави протоколи со ОПЕЕ и ОПГ за размена на податоци и информации поврзани со учесниците на пазарите на големо.

**Постапка за евидентирање на учесниците на пазарите на големо**

**Член 6**

(1) Учесниците на пазарот на големо од членот 56 став (4) од Законот за енергетика* доставуваат барање за евидентирање во Регистарот, кое се доставува во печатена и електронска форма на образец кој е пропишан во Прилогот 3 и е достапен на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Учесниците на пазарот на големо го доставуваат барањето од ставот (1) пред да отпочнат со трансакции или давање на било каков налог за тргување со енергетски производи на пазарот на големо.

(3) Обврската од ставот (1) не се однесува за производителите на електрична енергија од обновливи извори на енергија кај кои најголемата инсталирана моќност на некоја од производните постројки е помала од 5 MW или вкупната инсталирана моќност на сите постројки на производителот е помала од 10 MW.

(4) За секоја промена на податоците евидентирани во Регистарот, учесникот на пазарот на големо доставува барање за упис на промена во рок од седум работни дена од денот на настанување на промената, со доставување на пополнето барање од Прилогот 3.

**Извештаи за следење на функционирањето на пазарите на енергија**

**Член 7**

(1) Врз основа на податоците и информациите собрани и анализирани во согласност со овој Правилник, Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Законот за енергетика*, најмалку еднаш годишно подготвува и објавува извештаи за следење на функционирањето на енергетските пазари, како и препораки во однос на усогласеноста на цените за снабдување со електрична енергија на пазарна основа согласно членот 6 од Законот за енергетика*.

(2) Во извештаите и препораките од ставот (1), Регулаторната комисија за енергетика ќе објавува само збирни информации по одделни индикатори.

**Веродостојност на доставените податоци**

**Член 8**

(1) Носителите на лиценци се должни да овластат лице коешто ќе биде задолжено за доставување на податоците и информациите од овој Правилник и комуникација со Регулаторната комисија за енергетика преку електронска пошта и/или веб платформата.

(2) Овластувањето од ставот (1) се доставува на образец што содржи и изјава за веродостојност на податоците. Образецот од овој став се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.

(3) Образецот од ставот (2) носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности го доставуваат до Регулаторната комисија за енергетика во електронска форма најдоцна седум дена од денот на влегување во сила на лиценцата за вршење на енергетска дејност.

(4) Носителите на лиценци се должни да ја известат Регулаторната комисија за енергетика за секоја промена на овластеното лице од ставот (1) преку доставување на нов образец од ставот (2) во рок од седум дена од настанатата промена.

(5) Сите податоци и информации доставени од овластеното лице од ставот (1) ќе се сметаат за точни и веродостојни, односно дека во целост одговараат на фактичката состојба.

## II ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

### Цели на следење на функционирањето на пазарот на електрична енергија

### Член 9

(1) Следењето на состојбата на пазарот на електрична енергија се врши поодделно за:

1) структурата (вклучително и реструктурирањето) на пазарот на електрична енергија утврдена со закон, и
2) ефикасноста и функционирањето на пазарот на електрична енергија.

(2) Следењето на структурата на пазарот на електрична енергија од ставот (1) се врши од аспект на:

1) либерализацијата на пазарот на електрична енергија; и
2) нивото на функционална, финансиска и правна независност во вршењето на регулираната енергетска дејност на ОЕПС односно ОЕДС во однос на дејностите дистрибуција односно пренос, како и дејностите производство, складирање, снабдување, трговија и организирање и управување со пазарот на електрична енергија.

(3) Следењето на ефикасноста на пазарот на електрична енергија од ставот (1) се врши со следење и анализа на однесувањето и активностите на учесниците во:

1) функционирањето на пазарот на големо;
2) функционирањето на пазарот на мало;
3) функционирањето на пазарот на балансна енергија;
4) функционирањето на долгорочниот пазар;
5) приклучување, пристап и користење на мрежите за пренос и дистрибуција на електрична енергија; и
6) квалитет на услугите за потрошувачите.

(4) Следењето на функционирањето на пазарот на големо се врши преку следење на производството на електрична енергија, складирањето, увозот и преносот на електрична енергија и цените на пазарот на големо.

(5) Следењето на функционирањето на пазарот на мало се врши преку следење на цените на пазарот на мало и примената на постапката за промена на снабдувач.

(6) Следењето на квалитетот на услугите се состои од следење на континуитетот во снабдувањето со електрична енергија, квалитет на напонот и квалитетот на мрежните и комерцијалните услуги.

### Функционалност на пазарот на електрична енергија

### Член 10

(1) Носителите на лиценци за трговија со електрична енергија и/или снабдување со електрична енергија, како и за пренос и дистрибуција на електрична енергија доставуваат податоци и информации за број на снабдувани потрошувачи по соодветните групи на потрошувачи и предадени количини по соодветните групи потрошувачи.

(2) ОЕПС и ОЕДС се обврзани да доставуваат податоци и информации потребни за следење на постапката за промена на снабдувач вклучувајќи податоци и информации за бројот на поднесени барања, потрошувачка на електрична енергија во минатото на корисниците што бараат промена на

снабдувач, извршени промени по групи на потрошувачи и почитување на пропишаните рокови за времетраење на постапката.

(3) При доставување на податоците за бројот на поднесени барања, извршени промени и времетраење на постапката, периодот за известување за ОЕПС изнесува дванаесет месеци.

(4) Носителите на лиценци за снабдување со електрична енергија доставуваат податоци за расположливоста и содржината на комерцијалните пакети што им ги нудат на своите клиенти.

**Функционална, финансиска и правна независност на операторите за пренос и дистрибуција на електрична енергија**

**Член 11**

(1) ОЕПС и ОЕДС се обврзани, најдоцна до 31 март секоја година да доставуваат информации за претходната календарска година, за спроведување на програмите за усогласеност со кои што се обезбедува нивна целосна правна, финансиска, управувачка и функционална независност од работењето на вертикално интегрираните електроенергетски компании кон кои припаѓаат или со кои се поврзани, при:

1) вршењето на дејноста пренос во однос на дејностите дистрибуција, производство, складирање, снабдување, трговија и организирање и управување со пазарот на електрична енергија,
2) вршењето на дејноста дистрибуција во однос на дејностите производство, складирање, пренос, организација и управување со пазарот на електрична енергија, снабдување во случаи кога се опслужуваат повеќе од 100.000 приклучени потрошувачи, како и
3) обезбедување на јавните услуги на начин со кој што се обезбедува недискриминираност, транспарентност и објективност во функционирањето на пазарот на електрична енергија.

**Производство на електрична енергија**

**Член 12**

(1) Носителите на лиценци за производство на електрична енергија се обврзани да доставуваат податоци и информации потребни за следење на производството на електрична енергија, вклучувајќи и податоци за:

1) инсталирана моќност и произведена електрична енергија од секоја електроцентрала, вклучувајќи ја и сопствената потрошувачка;
2) податоци за потрошувачка и трошоци на примарна енергија;
3) просечни продажни цени и количини на продадена електрична енергија по групи купувачи;
4) планирана и непланирана нерасположливост на производните единици;
5) податоци од барањата за исплата на премии за повластените производители што користат премии и
6) складирани количини на електрична енергија доколку производителот поседува уред за складирање на електрична енергија.

(2) ОПЕЕ е обврзан да доставува податоци и информации потребни за следење на производството од производителите на електрична енергија на кои им е одобрено користење на повластена тарифа, вклучувајќи и податоци за:

1) типот, единствениот регистарски број, називот на производителот, количините на електрична енергија и исплатите за секој повластен производител; и
2) вкупните количини произведена електрична енергија и учеството на вкупната произведена електрична енергија од повластени производители во вкупната потрошувачка.

(3) ОЕДС се обврзани да достават податоци за предадената и преземената електрична енергија во и од дистрибутивниот систем од потрошувачите-производители на електрична енергија.

**Пренос и дистрибуција на електрична енергија**

**Член 13**

(1) ОЕПС е обврзан да доставува податоци за следење на функционирањето на електропреносниот систем:

1) биланс на електрична енергија за електропреносниот систем;
2) расположливост на прекуграничните преносни капацитети и спроведување на постапките за нивно доделување;
3) податоци за доделените прекугранични преносни капацитети, вкупниот приход и просечните цени за секоја граница и
4) податоци за количини и трошоци за системски услуги.

(2) ОПЕЕ е обврзан да доставува податоци и информации за остварени дебаланси во временски интервали и по балансни групи.

(3) ОЕДС се обврзани да доставуваат податоци и информации за биланс на електричната енергија на дистрибутивниот систем.

(4) ОПЕЕ е обврзан да доставува податоци поврзани со комерцијалните аспекти на функционирањето на пазарот на големо со електрична енергија.

**Цени на електрична енергија и тарифи за пренос и дистрибуција**

**Член 14**

(1) Носителите на лиценци за трговија и снабдување со електрична енергија се обврзани да доставуваат податоци и информации за:

1) просечни набавни цени и количини на електрична енергија и
2) просечни продажни цени и количини на електрична енергија по групи на потрошувачи.

(2) Носителите на лиценци за пренос или дистрибуција на електрична енергија се обврзани да доставуваат податоци и информации за:

1) приходи остварени од тарифи за пренос, односно дистрибуција на електрична енергија и
2) просечни цени и количини на електричната енергија набавена за покривање на загубите.

(3) ООПЕЕ е обврзан да доставува податоци и информации потребни за следење на состојбите на организираниот пазар на електрична енергија за трансакциите и имплицитните аукции на капацитетите, податоци за понуда и побарувачка на организираниот пазар (количини и цени) и останати податоци што произлегуваат од пазарно спојување со други пазари на електрична енергија.

**Приклучување, пристап и користење на преносните и дистрибутивни мрежи на електрична енергија**

**Приклучување на мрежа**

**Член 15**

(1) ОЕПС и ОЕДС се обврзани да доставуваат податоци и информации потребни за следење на приклучувањето на мрежите, вклучувајќи и податоци и информации за:

1) број на поднесени, одобрени и реализирани барања за приклучување на потрошувачи по групи потрошувачи, по категории приклучоци и по напонско ниво, како и за производители на електрична енергија, потрошувачи-производители и оператори на складишта со електрична енергија по напонско ниво;
2) вкупен износ од наплатените надоместоци за приклучување;
3) број на исклучени корисници и причини за исклучување и

4) број на поднесени, одобрени и реализирани барања за приклучување од ранливи потрошувачи и вкупен износ на наплатените надоместоци за приклучување, како и број на исклучени ранливи потрошувачи.

(2) При доставување на податоците за број на приклучоци по напонско ниво и број на исклучени потрошувачи, периодот на известување за ОЕПС изнесува дванаесет месеци, додека периодот на известување за ОЕДС е квартален.

**Пристап до мрежа**

**Член 16**

ОЕПС и ОЕДС се обврзани да доставуваат податоци и информации, потребни за следење на принципот на регулиран пристап на трета страна, вклучувајќи податоци за бројот на поднесени, одобрени и одбиени барања за пристап на мрежата со која управуваат.

**Складирање**

**Член 17**

Операторите на складишта на електрична енергија се обврзани да доставуваат податоци и информации потребни за следење на складирањето на електрична енергија, вклучувајќи и податоци за:

1) инсталиран капацитет за складирање, максимална моќност за полнење и празнење, број на уреди за складирање, номинална моќност, максимална струја на полнење и празнење, излезна моќност, број на циклуси, време на полнење и празнење;
2) внесена и испорачана електрична енергија;
3) ефикасност и наполнетост на складиштето и
4) планирана и непланирана нерасположливост на капацитетите на складиштето.

**Квалитет на услуги**

**Континуитет на снабдување**

**Член 18**

ОЕПС и ОЕДС се обврзани, да доставуваат податоци и информации потребни за следење на континуитетот на снабдување со електрична енергија вклучувајќи и информации и податоци за:

1) број на планирани и непланирани прекини по напонско ниво;
2) времетраење на непланираните прекини по напонско ниво;
3) индикатори за следење на времетраењето на прекини во напојување со електрична енергија и неиспорачана електрична енергија (AIT и ENS) за преносните мрежи и
4) индикатори за следење на континуитетот на испорака на електрична енергија (SAIDI, SAIFI) за дистрибутивните системи.

**Квалитет на мрежните и комерцијалните услуги**

**Член 19**

(1) Носителите на лиценци за дистрибуција и снабдување со електрична енергија се обврзани да доставуваат податоци и информации за:

1) број и вид на примени, одобрени и одбиени приговори, како и просечно време за одговор, со одделно прикажување на информациите за категоријата на ранливи потрошувачи;
2) број и вид на поднесени барања за информации од потрошувачите, со одделно прикажување на информациите за категоријата на ранливи потрошувачи и
3) комуникација остварена со корисниците во вид на вкупен број телефонски јавувања, испратени електронски пораки од и кон потрошувачите, посети на кориснички центри и доставени писмени

барања по групи потрошувачи, со одделно прикажување на информациите за категоријата на ранливи потрошувачи.

(2) ОЕДС се обврзани да доставуваат податоци и информации потребни за следење на квалитетот на напонот, вклучувајќи и информации и податоци за: број, вид и просечно време на одговор на поднесени приговори кои се однесуваат на проблеми поврзани со квалитетот на напонот, со одделно прикажување на информациите за категоријата на ранливи потрошувачи.

(3) Носителите на лиценци за пренос, дистрибуција и снабдување со електрична енергија на барање на Регулаторната комисија за енергетика се обврзани да доставуваат податоци за:

1) јавна достапност на информации за корисниците на преносниот систем и дистрибутивните системи во врска со приклучување и пристап до мрежата и
2) јавна достапност на информации за потрошувачите во врска со стандардните договори со снабдувачите, промена на условите за склучување договор, можностите за плаќање, цените, постапката за промена на снабдувач и постоење на контактен центар за корисници.

## III ПАЗАР НА ГАС

### Цели на следење на функционирањето на пазарот на гас

### Член 20

(1) Следењето на функционирањето на пазарот на гас е поделено на следниве области:

1) структура и реструктуирање на пазарот на гас и
2) ефикасно функционирање на пазарот на гас.

(2) Структурата на пазарот на гас се следи од аспект на:

1) состојба на пазарот на гас и
2) постигнување на законски пропишаниот степен на функционална, финансиска и правна независност во вршењето на регулираната енергетска дејност на ОСПГ и ОСДГ.

(3) Следењето на ефикасноста на пазарот на гас се врши со следење и анализа на однесувањето и активностите на учесниците во:

1) функционирањето на пазарот на големо;
2) функционирањето на пазарот на мало;
3) функционирањето на пазарот на услуги за балансирање;
4) приклучување, пристап и користење на мрежите за пренос и дистрибуција на гас и
5) квалитетот на услугите за потрошувачите.

(4) Следењето на функционирањето на пазарот на гас на големо се врши преку собирање на податоци и информации за:

1) увоз и пренос на гас и
2) цените на гас на пазарот на големо.

(5) Следењето на функционирањето на пазарот на гас на мало се врши преку собирање и анализа на податоци и информации за:

1) цените на гас на пазарот на мало и
2) спроведување на постапката за промена на снабдувач.

(6) Следењето на квалитетот на услугите на пазарот на гас се состои од собирање и анализа на податоци и подготвување извештаи за квалитетот на услугите на корисниците обезбедени од страна на ОСПГ, ОСДГ и снабдувачите, особено за:

1) квалитетот на комерцијалните и мрежните услуги и

2) континуитетот во снабдување со гас.

**Функционалност на пазарот на гас**

**Член 21**

(1) Носителите на лиценци за пренос на гас, организирање и управување со пазарот на гас, дистрибуција, снабдување и трговија со гас, како и трговија на компримиран гас, течен гас и водород се обврзани да доставуваат податоци и информации за број на снабдувани потрошувачи по соодветните групи на потрошувачи (по групи производители на топлинска и/или електрична енергија, останати потрошувачи и домаќинства, а каде што е тоа применливо и за снабдувачи/трговци, дистрибуција и сопствена потрошувачка како и по групи индустриски потрошувачи и домаќинства) и продадени количини по соодветните групи потрошувачи.

(2) ОСПГ и ОСДГ се обврзани да доставуваат податоци и информации потребни за следење на постапката за промена на снабдувач вклучувајќи податоци и информации за бројот на поднесени барања, потрошувачка на енергија во минатото на корисниците што бараат промена на снабдувач, извршени промени по групи на потрошувачи и почитување на пропишаните рокови за времетраење на постапката.

(3) При доставување на податоците за бројот на поднесени барања, извршени промени и времетраење на постапката, периодот за известување за ОСПГ изнесува дванаесет месеци.

(4) Носителите на лиценци за снабдување со гас доставуваат податоци за расположливоста и содржината на комерцијалните пакети што им ги нудат на своите клиенти.

**Функционална, финансиска и правна независност на операторите за пренос и дистрибуција на гас**

**Член 22**

ОСПГ и ОСДГ се обврзани најдоцна до 31 март секоја година, да доставуваат податоци и информации за претходната календарска година, за спроведување на програмите за усогласување со кои што се обезбедува нивна целосна правна, финансиска, управувачка и функционална независност од работењето на вертикално интегрираните енергетски компании кон кои припаѓаат или со кои се поврзани, при:

1) вршењето на дејноста пренос на гас во однос на дејностите производство, складирање, организирање и управување на пазарот на гас, дистрибуција, трговија и снабдување;
2) вршењето на дејноста дистрибуција на гас во однос на дејностите пренос, организација и управување на пазарот на гас, трговија и снабдување со гас, во случаи кога се опслужуваат повеќе од 100.000 потрошувачи, како и
3) обезбедување на јавните услуги на начин со кој што се обезбедува недискриминаторност, транспарентност и објективност во функционирањето на пазарот на гас.

**Производство на биометан и водород**

**Член 23**

Носителите на лиценци за производство на биометан и водород се обврзани да доставуваат податоци и информации, потребни за следење на производството на биометан и водород, вклучувајќи и податоци и информации за:

1) инсталирана моќност, произведени количини на биометан и водород од секоја производна единица, вклучувајќи ја и сопствената потрошувачка;
2) просечни количини и трошоци за гориво кои се користат за произведени количини на биометан и водород;
3) просечни количини и цени на продадени количини на биометан и водород и

4) планирана и непланирана нерасположливост на производните единици за производство на биометан и водород.

**Увоз, пренос и дистрибуција на гас**

**Член 24**

(1) ОСПГ е обврзан да доставува податоци и информации за увозот и преносот на гас преку преносниот систем на Република Северна Македонија, расположливоста на капацитетите на гасоводите и спроведување на постапката за доделување на капацитетите, вклучувајќи и информации и податоци за:

1) биланс на гас за преносниот систем;
2) расположливост на капацитетите на интерконективните гасоводи;
3) спроведување на постапките за доделување на капацитети, доделените капацитети на интерконективните гасоводи и нивните просечни цени и
4) тарифи за пренос на гас.

(2) ОПГ е обврзан да доставува податоци поврзани со организацијата на пазарот на гас, а особено податоци за:

1) учесници на пазарот на гас на големо;
2) остварени дебаланси во временски интервали и по балансни групи и
3) надоместоци за дебаланси.

(3) ОСДГ се обврзани да доставуваат податоци и информации за биланс на гас во рамките на дистрибутивните системи со кои управуваат.

**Цени на гас и тарифи за пренос и дистрибуција**

**Член 25**

Носителите на лиценци за пренос на гас, организација и управување со пазарот на гас, дистрибуција, трговија и снабдување со гас, како и трговија на компримиран гас, течен гас и водород се обврзани да доставуваат податоци и информации потребни за следење на промената на цените на гасот, вклучувајќи и информации и податоци за:

1) просечни цени и количини на гас кој го користат производителите на електрична и/или топлинска енергија;
2) просечни набавни цени и количини на гас;
3) просечни продажни цени и количини на гас по групи потрошувачи;
4) просечни цени и количини на гас набавен за системски услуги, загуби и сопствена потрошувачка и
5) приходи остварени од тарифи за пренос и дистрибуција на гас.

**Поврзување, пристап и користење на преносните и дистрибутивните мрежи на гас**

**Приклучување на мрежа**

**Член 26**

ОСПГ и ОСДГ се обврзани да доставуваат податоци и информации потребни за следење на приклучувањето на мрежите, вклучувајќи и податоци и информации за:

1) број на поднесени, одобрени и реализирани барања за приклучување по групи потрошувачи;
2) вкупен износ од наплатените надоместоци за приклучување и
3) број на исклучени корисници.

**Пристап до мрежа**

**Член 27**

ОСПГ е обврзан да доставува податоци и информации потребни за следење на обезбедувањето на можноста за пристап до мрежата врз основа на начелото за регулиран пристап на трета страна, а особено за бројот на поднесени и одобрени барања за пристап и просечно време за одобрување на барањата.

**Складирање на гас**

**Член 28**

Операторите на складишта на гас се обврзани да доставуваат податоци и информации потребни за следење на складирањето на гас, вклучувајќи и податоци за:

1) технички капацитет за складирање, максимално складирани количини на гас, технички капацитет за празнење на гас, максимално испразнети количини на гас, број на складишта за складирање на гас;
2) преземени количини од транспортниот систем и испорачани количини во транспортниот систем
3) сопствена потрошувачка на складиштето при складирање и сопствена потрошувачка на складиштето при празнење;
4) ефикасност и наполнетост на складиштето и
5) планирана и непланирана нерасположливост на капацитетите на складиштето.

**Квалитет на услуги**

**Континуитет во снабдувањето**

**Член 29**

ОСПГ и ОСДГ се обврзани да доставуваат податоци и информации потребни за следење на континуитетот на снабдување со гас, а особено:

1) број на планирани и непланирани прекини по соодветни групи потрошувачи; и
2) времетраење на планираните и непланираните прекини.

**Квалитет на комерцијалните и мрежните услуги**

**Член 30**

(1) Носителите на лиценца за снабдување, пренос и дистрибуција на гас се обврзани да доставуваат податоци и информации потребни за следење на квалитетот на комерцијалните и мрежните услуги, а особено:

   1) број и вид на примени, одобрени и одбиени приговори како и просечно време за одговор;
   2) број и вид на поднесени барања за информации од потрошувачи и
   3) комуникација остварена со корисниците во вид на вкупен број телефонски јавувања, испратени електронски пораки од и кон потрошувачите, посети на кориснички центри и доставени писмени барања по групи потрошувачи.

(2) ОСПГ и ОСДГ што управуваат дистрибутивни системи што не се поврзани со системот за пренос се обврзани да доставуваат податоци за структурата и енергетската вредност на увезениот, односно набавениот гас.

(3) Носителите на лиценца за трговија, снабдување, пренос и дистрибуција на гас на барање на Регулаторната комисија за енергетика имаат обврска да достават податоци за:

   1) јавна достапност на информации за потрошувачите во врска со стандардните договори со снабдувачите и промените во условите на договорите, цените, условите за плаќање и постапката за промена на снабдувач и

2) јавна достапност на информации за корисниците на преносниот систем и дистрибутивните системи во врска со приклучување и пристап до мрежата.

## IV ПАЗАР НА СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

### Цели на следење на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт

### Член 31

Следењето на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт се состои од следење, анализа и подготвување извештаи за условите поврзани со:

1) увоз, извоз и транспорт на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт;
2) преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати;
3) производство на биогорива;
4) производство на горива за транспорт со намешување на нафтени деривати и биогориваи
5) функционирањето на пазарите на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.

### Увоз и извоз на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт

### Член 32

Носителите на лиценци за трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт се обврзани да доставуваат податоци и информации за увезените и тргуваните количини и просечните набавни и продажни цени.

### Транспорт

### Член 33

Носителите на лиценци за транспорт на сурова нафта преку нафтовод и транспорт на нафтени деривати преку продуктовод се обврзани да доставуваат податоци и информации:

1) за пренесени количини и надоместоците што се плаќаат за транспорт преку нафтовод, односно продуктовод и
2) поврзани со пристап на трети страни до системот за транспорт, како што се поднесени барања, одобрени барања, одбиени барања, покренати спорови и сл.

### Преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати и горива за транспорт, производство на биогорива и производство на горива за транспорт со намешување на нафтени деривати и биогорива

### Член 34

Носителите на лиценци за преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати, производство на биогорива и производство на горива за транспорт со намешување на нафтени деривати и биогорива, се обврзани да доставуваат податоци и информации за произведени количини по вид, продадените количини по вид и за просечните продажни цени по вид.

### Полнење и продажба на садови под притисок со течен нафтен гас

### Член 35

Носителите на лиценци за полнење и продажба на садови под притисок со течен нафтен гас се обврзани да доставуваат податоци и информации за просечни продажни цени и количини на течен нафтен гас во садови под притисок по групи потрошувачи.

**Функционирање на пазарот сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт**

**Член 36**

Носителите на лиценца за трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт се обврзани да доставуваат податоци и информации потребни за следење на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, вклучувајќи податоци и информации за набавените и продадените количини и просечните цени за набавка и продажба на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт по вид, како и земјата на потекло на увезените сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт по вид.

## V ПАЗАР НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

**Цели на следење на пазарот**

**Член 37**

Следењето на пазарот на топлинска енергија се состои од следење, анализа и известување за условите поврзани со:

1) регулирано производство на топлинска енергија;
2) производство на топлинска енергија;
3) дистрибуција на топлинска енергија;
4) снабдување со топлинска енергија;
5) постапка за промена на снабдувач;
6) трошоци за производство на топлинска енергија по тип на постројки и
7) квалитет на услугата.

**Производство на топлинска енергија**

**Член 38**

Носителите на лиценци за регулирано производство на топлинска енергија и производство на топлинска енергија се обврзани да доставуваат податоци и информации, потребни за следење на производството на топлинска енергија во периодот од октомври до април, вклучувајќи и податоци и информации за:

1) инсталирана моќност, производството на топлинска енергија од секоја производна единица, вклучувајќи ја и сопствената потрошувачка;
2) количини и трошоци за горивата кои се користат за производство на топлинска енергија;
3) просечни количини и цени на продадена топлинска енергија;
4) планирана и непланирана нерасположливост на производните единици на производители и
5) просечна температура на воздухот за подрачјето во кое регулираните производители испорачуваат топлинска енергија.

**Дистрибуција на топлинска енергија**

**Член 39**

Носителите на лиценца дистрибуција на топлинска енергија се обврзани да доставуваат податоци и информации, потребни за следење на дистрибуцијата на топлинска енергија во периодот од октомври до април, вклучувајќи и информации за:

1) билансот на топлинска енергија;
2) тарифи и приходи од дистрибуција на топлинска енергија и
3) промената на снабдувачи, вклучувајќи го и бројот на реализирани промени на снабдувачи.

**Снабдување со топлинска енергија**

**Член 40**

Носителите на лиценца за снабдување на топлинска енергија се обврзани да доставуваат податоци и информации поврзани со снабдување на топлинска енергија, вклучувајќи и податоци и информации за:

1) просечни количини и цени за набавка на топлинска енергија;
2) број на активни и исклучени мерни места кај потрошувачи по вид на мерно место (мерни места со потрошувачи од вид домаќинства, образование, останати потрошувачи и комбинирани мерни места со потрошувачи од повеќе видови);
3) инсталирана и ангажирана моќност и грејна површина по вид на потрошувач (домаќинства, образование и останати потрошувачи) за активни и пасивни потрошувачи;
4) податоци поврзани за бројот и отчитувањата на уредите за мерење на локално распределување на потрошувачката на топлинска енергија и
5) надоместок за ангажирана моќност и енергија.

**Промена на снабдувач**

**Член 41**

Носителите на лиценца за снабдување со топлинска енергија се обврзани да доставуваат податоци и информации потребни за следење на промената на снабдувач, вклучувајќи го и бројот на реализирани промени на снабдувач.

**Континуитет на снабдување**

**Член 42**

Носителите на лиценца за дистрибуција и снабдување со топлинска енергија се обврзани да доставуваат податоци и информации потребни за следење на континуитетот на снабдување со топлинска енергија во периодот од октомври до април, вклучувајќи податоци за бројот на планирани и непланирани прекини во снабдувањето, како и времетраењето на непланираните прекини.

**Квалитет на мрежни и комерцијални услуги**

**Член 43**

(1) Носителите на лиценца за снабдување на топлинска енергија се обврзани да доставуваат податоци и информации потребни за следење на квалитетот на комерцијалните услуги, вклучувајќи и податоци и информации за:

1) број на поднесени, одобрени и реализирани барања за нови потрошувачи, за исклучување, за повторно вклучување и за промена на капацитет по вид на потрошувач и просечно време за реализација на барањата;
2) број и вид на примени, одобрени и одбиени приговори, како и просечно време за одговор на приговори поднесени од потрошувачи и
3) број на поднесени барања за информации.

(2) Носителите на лиценца за снабдување на топлинска енергија на барање на Регулаторната комисија за енергетика се обврзани да достават податоци за јавна достапност на информации за потрошувачите во врска со стандардните договори со снабдувачите, цените и постапката за промена на снабдувач.

## VI ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ИНТЕГРИТЕТ НА ПАЗАРИТЕ НА ГОЛЕМО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ГАС

### Забрана за тргувања засновани на внатрешни информации

### Член 44

(1) Забраната за тргување заснована на внатрешни информации дефинирана во членот 56 став (1) од Законот за енергетика* се однесува на следните лица кои поседуваат внатрешна информација која се однесува на енергетски производ на пазарот на големо:

1) управители или членови на органи на управување или орган за надзор на друштвото;
2) лица кои поседуваат акции или удели во друштво;
3) лица кои имаат пристап до внатрешната информација преку вршењето на нивните работни обврски, професија или должност;
4) лица кои ја стекнале информацијата на нелегален начин;
5) лица кои знаат или се должни да знаат дека се работи за внатрешна информација.

(2) Забраната за тргување заснована на внатрешни информации не се применува на лицата од точките 1) и 3) од ставот (1) на операторите на системите за пренос кога купуваат електрична енергија или гас потребни да се обезбеди безбедна и сигурна работа на системот.

(3) Забраната за тргување заснована на внатрешни информации не се применува на:

1) Трансакции кои се извршени при спроведување на обврска за стекнување или отуѓување на енергетски производ на пазарот на големо, кога таа обврска произлегува од договор или нарачка за тргување склучени пред засегнатото лице да ја поседува/стекне внатрешната информација;
2) Трансакции во кои учествуваат производители на електрична енергија, оператори на складишта за електрична енергија и/или за гас направени со цел да се покрие ненадејна физичка загуба на енергија која е резултат на непланиран испад при што нивното неизвршување ќе предизвика учесникот на пазарот да не ги исполни постојните договорни обврски или кога оваа трансакција се презема во договор со ОЕПС или ОСПГ со цел да се обезбеди безбедна и сигурна работа на системот. Во овој случај релевантните информации за трансакцијата треба да бидат доставени до Регулаторната комисија за енергетика на образец кој е пропишан во Прилогот 4 и да бидат објавени во согласност со членот 45 став (1);
3) Активности на учесниците на пазарите на големо преземени по барање на надлежните органи кои во согласност со прописите и правилата за управување со кризи и кризна состојба, интервенирале за да обезбедат сигурност на снабдување со електрична енергија или гас, при што пазарните механизми биле суспендирани на целата територија или на одделен дел на Република Северна Македонија. Во овој случај учесникот на пазарот ги објавува информациите за активностите во согласност со членот 45.

(4) Кога лицето кое поседува внатрешни информации кои се однесуваат на енергетски производ на пазарот на големо е правно лице, забраната за тргување заснована на внатрешни информации се однесува и на физичките лица кои учествуваат во носењето на одлуката за извршување на трансакцијата во име и за сметка на правното лице.

(5) Кога се споделуваат информации за целите на новинарство или уметничко изразување, таквото споделување треба да биде проценето со земање предвид на правилата за слобода на печатот и слободно изразување преку други медиуми, освен ако:

1) лицата директно или индиректно се здобиваат со предност или стекнуваат корист од ширењето на таа информација или
2) објавувањето и ширењето е направено со намера да се изврши лажно наведување на пазарот во однос на понуда, побарувачка или цена на енергетски производи на пазарот на големо.

## Објавување на внатрешни информации

### Член 45

(1) Учесниците на пазарите на енергија на големо, се обврзани ефективно и навремено, јавно да ги објават внатрешните информации кои ги поседуваат во однос на дејноста или објектите кои тие, или со нив поврзани друштва ги поседуваат или управуваат, или се делумно или целосно одговорни за нивното работење. Објавата особено ги содржи информациите за капацитетот и употребата на објектите за производство, складирање, пренос и потрошувачка на електрична енергија или гас, вклучително и планирана и непланирана нерасположливост на овие објекти.

(2) По исклучок од ставот (1), учесник на пазарот може на сопствена одговорност да го одложи објавувањето на внатрешна информација за да не им наштети на своите легитимни интереси, под услов:

1) одложувањето на објавувањето има мала веројатност да ја доведе јавноста во заблуда;
2) учесникот на пазарот може да обезбеди доверливост на таквата информација до објавувањето и
3) учесникот на пазарот не носи одлуки за тргување со енергетски производи на пазарите на големо засновани на таквата информација.

(3) Во случајот од ставот (2) учесникот на пазарот веднаш ја доставува информацијата, заедно со образложение на причините за одложеното објавување до Регулаторната комисија за енергетика на образецот пропишан со Прилогот 5.

(4) Кога учесник на пазарот или лице вработено кај него, или лице кое дејствува во негово име и за негова сметка обелоденува внатрешна информација за енергетски производ на пазарот на големо при вршењето на обврските кои произлегуваат од неговиот работен однос, професија или должност наведени во членот 56 став (1) точка 2) од Законот за енергетика*, обврзан е да обезбеди истовремено, целосно и ефективно јавно објавување на внатрешната информација. Во случај на ненамерно обелоденување, учесникот на пазарот е обврзан веднаш да обезбеди целосно и ефективно јавно објавување на внатрешната информација.

(5) Одредбите од ставот (4) не се применуваат во случаите кога лицето кое ги прима информациите има обврска за доверливост утврдена во закон или друг пропис, или во статут или во акт за основање на друштвото или во договор или во друг правно обврзувачки акт.

(6) Информациите од ставовите (1), (2) и (4), учесниците на пазарите ги објавуваат на својата веб страница и/или на најмалку една од веб платформите за објавување на внатрешни информации што се одобрени и препознаени од ACER.

(7) Објавувањето на внатрешните информации, вклучително и во консолидирана форма, се смета за истовремено, целосно и ефективно, ако е извршено во согласност со Законот за енергетика*, Правила за формата, содржината и динамиката на доставување и објавување на податоци донесени од ОЕПС, вклучително и насоки и мрежни правила донесени во согласност со закон.

(8) Ставовите (1) и (2) не се во спротивност со обврските на учесниците на пазарот во согласност со Законот за енергетика* и Правила за формата, содржината и динамиката на доставување и објавување на податоци донесени од ОЕПС, вклучително и насоки и мрежни правила донесени во согласност со закон, особено во однос на временските рокови и методите на објавување на информациите.

(9) Обврските од ставовите (1) и (2) не го исклучуваат правото на учесниците на пазарот да го одложат објавувањето на чувствителни информации кои се однесуваат на заштита на критичната инфраструктура и проценките за потребата од нејзина заштита како класифицирана информација во согласност со закон.

(10) Обврската од ставот (1) не се применува на информациите за кои постои исклучок од обврската за објавување на ОЕПС/ОСДГ утврдена во согласност со Законот за енергетика* и Правила за

формата, содржината и динамиката на доставување и објавување на податоци донесени од ОЕПС, вклучително и насоки и мрежни правила донесени во согласност со закон.

(11) Регулаторната комисија за енергетика донесува и на својата веб страна објавува упатство за реализирање на обврската за објавување на внатрешни информации.

**Следење на пазарите на големо**

**Член 46**

(1) Регулаторната комисија за енергетика ги следи активностите на тргување со енергетски производи на пазарот на големо со цел да открие и спречи тргување врз основа на внатрешни информации и манипулации на пазарите на големо во Република Северна Македонија.

(2) При следењето на пазарите на енергија на големо од ставот (1), Регулаторната комисија за енергетика соработува на регионално ниво преку ECRB, како и со други институции во Република Северна Македонија, вклучувајќи ја и КЗК.

(3) Регулаторната комисија за енергетика може да склучи меморандуми за соработка со други надлежни институции во Република Северна Македонија за начин на следење, размена и обезбедување доверливост на податоците кои произлегуваат од овој член и таквите меморандуми ги објавува на својата веб страницата.

**Доверливост во работењето**

**Член 47**

(1) Регулаторната комисија за енергетика обезбедува доверливост, интегритет и заштита на информациите добиени во согласност со членот 45 став (3).

(2) Регулаторната комисија за енергетика ги презема сите потребни мерки за спречување на злоупотреба и неовластен пристап до информациите што се чуваат во нејзините системи. При соработката со КЗК и другите надлежни органи, Регулаторната комисија за енергетика обезбедува доверливост, интегритет и заштита на информациите добиени во согласност членот 45 став (2) и членот 46 ставови (2) и (3) и презема чекори за да спречи било каква злоупотреба на таквите информации.

(3) Согласно членот 48, Регулаторната комисија за енергетика:

1) може да објави делови од информациите со кои располага под услов да не се обелоденат и да не може да се препознаат деловно чувствителните информации за поединечни учесници на пазарот или поединечни трансакции на одделни места на тргување;
2) ги прави достапни податоците кои не се од деловно чувствителна природа за научни потреби, под услов да се обезбеди доверливоста на податоците во согласност со овој Правилник и другите прописи за заштита и доверливост на податоци;
3) објавува информации или прави достапни информации во интерес на унапредување на транспарентноста на енергетските пазари на големо, доколку нема веројатност дека истото ќе предизвика нарушување на конкуренцијата на тие енергетски пазари; и

(4) Регулаторната комисија за енергетика на фер и транспарентен начин ги прави достапни информациите од ставот (3) до сите заинтересирани страни.

**Доверливи информации**

**Член 48**

(1) Со доверливите информации добиени, разменети или пренесени во согласност со овој Правилник се постапува на начин утврден во ставовите (2), (3) и (4).

(2) Доверливите информации кои:

1) лицата кои работат или работеле за Регулаторната комисија за енергетика или други надлежни органи вклучени во примената на овој Правилник; или
2) ревизорите и експертите кои работат по насоки и инструкции на Регулаторната комисија за енергетика или други органи;

ги добиле во рамките на вршењето на нивните професионални обврски не смеат да бидат пренесени на други лица или органи, освен во сумарна или консолидирана форма на начин што нема да можат да бидат идентификувани индивидуалните учесници на пазарот, како и во случаите опфатени со казнените прописи, останатите одредби од овој Правилник или правните акти на Енергетската заедница.

(3) Регулаторната комисија за енергетика, органите или лицата кои примаат доверливи информации во согласност со овој Правилник, можат да ги користат информациите само за вршење на нивните професионални обврски. Други органи, тела или лица можат да ги користат доверливите информации за целите за кои ги добиле или во рамките на управни или судски постапки кои се однесуваат на извршување на нивните функции. Органот или лицето кое ги добива доверливите информации може да ги користи и за други цели по претходна согласност од ECRB, Регулаторната комисија за енергетика и телата или лицата од кои ги добил информациите.

(4) Одредбите од овој член не спречуваат орган во Република Северна Македонија да направи размена или пренос на доверливи информации, во согласност со важечките прописи, под услов истите да не се примени од друга договорна страна на Енергетската заедница.

**Надзор**

**Член 49**

(1) Регулаторната комисија за енергетика врши надзор над учесниците на пазарите на енергија на големо со енергетски производи заради примена на забраните од членот 56 од Законот за енергетика* и обврските од членот 45.

(2) Начинот на вршење на надзорот од ставот (1) се врши во согласност со Правилникот за вршење на надзор од членот 273 од Законот за енергетика*.

**Известувања за потенцијални прекршувања**

**Член 50**

(1) Учесниците на пазарите, вклучително и секое лице кое професионално посредува во договарање трансакции со енергетски производи на пазарот на големо, доколку имаат основано сомневање дека одредена трансакција може да биде во спротивност со членот 56 од Законот за енергетика*, се должни да ја известат Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Известувањето од ставот (1) се доставува на образец чија што форма и содржина се пропишани во Прилогот 6, што е составен дел на овој Правилник.

**Соработка на ниво на ЕЗ и на национално ниво**

**Член 51**

(1) Регулаторната комисија за енергетика соработува со другите национални регулаторни тела од ЕЗ, вклучително на регионално ниво преку ECRB, со цел извршување на нејзините обврски во согласност со овој Правилник и членот 56 од Законот за енергетика*.

(2) Регулаторната комисија за енергетика веднаш и детално ги информира ECRB и Секретаријатот на ЕЗ за случаите кога има оправдано сомневање дека било постапено или дека се постапува во спротивност на членот 56 ставови (1), (2) и (3) од Законот за енергетика*, на пазарите на големо во Република Северна Македонија или во друга договорна страна на ЕЗ.

(3) Ако Регулаторната комисија за енергетика има основано сомневање дека активности коишто влијаат на пазарите на енергија на големо или на цената на производите на овие пазари во

Република Северна Македонија се вршат во друга договорна страна на ЕЗ, може да побара од ECRB и Секретаријатот на ЕЗ да обезбедат спроведување на прописите за транспарентност и интегритет на пазарот во другата договорна страна на ЕЗ.

(4) Информациите од ставот (3), Регулаторната комисија за енергетика ги доставува до ECRB и Секретаријатот на ЕЗ преку образецот чијашто форма и содржина е пропишана со Прилогот 7.

(5) Ако Регулаторната комисија за енергетика има основано сомневање за постојни или изминати активности на пазарите на големо за кои има голема веројатност дека се во спротивност со прописите за заштита на конкуренцијата, ги информира КЗК, Секретаријатот на ЕЗ и ECRB, а со цел да се обезбеди координиран и конзистентен пристап за отстранување на злоупотребите на пазарите на енергија на големо.

(6) По барање на ECRB, Регулаторната комисија за енергетика веднаш ги доставува сите информации за основаните сомненија за прекршување на одредбите на членот 56 ставови (1), (2) и (3) од Законот за енергетика* и овој Правилник до ECRB, како и спроведува истражување за сомнежите за прекршување и презема соодветни активности за да се отстранат утврдените прекршувања. Ако Регулаторната комисија за енергетика не е во можност веднаш да ја обезбеди соодветната информација, го известува ECRB со наведување на причините.

(7) По барање на ECRB, Регулаторната комисија за енергетика активно учествува во и обезбедува поддршка на истражувачката група, воспоставена и координирана од ECRB.

(8) Регулаторната комисија за енергетика може да одбие да постапи по барањето од ставот (6) кога:

1) постапувањето по барањето може да ги загрози суверенитетот или безбедноста на Република Северна Македонија;
2) во тек се судски постапки за истите дејствија и против истите лица пред надлежните судови на Република Северна Македонија; или
3) донесена е правосилна пресуда за истите дејствија и против истите лица во Република Северна Македонија.

(9) Во случаите од ставот (8), Регулаторната комисија за енергетика веднаш и детално го известува ECRB за причините за одбивањето.

(10) Во рамките на соработката од ставот (1), Регулаторната комисија за енергетика може да потпише договор за доверливост и необјавување на информациите.

**VII Завршни одредби**

**Член 52**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-2464/1
29 декември 2025 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Прилог 1

| Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија | Образец РЕМИТ-1<br>Национален регистар на учесници на пазарот на енергија на големо | Република Северна Македонија |
|---|---|---|

| **Податоци за регистрација на правно лице** | |
|---|---|
| Датум на регистрација | |
| ECRB регистрациски код | |
| Назив на правното лице | |
| Форма на правното лице[1] | |
| Адреса /Седиште | |
| Град | |
| Поштенски код | |
| Држава | |
| Назив на лиценцата за вршење енергетска дејност | |
| Број на лиценцата за вршење енергетска дејност | |
| EIC код | |
| BIC код[2] | |
| Матичен број на правното лице (ЕМБС)<br>Legal Entity Identifier (LEI) за странско правно лице | |
| Единствен даночен број на правното лице (ЕДБ) | |
| Интернет страница | |
| **Објавување на внатрешни информации** | |
| Линк до сопствена интернет страница каде се објавуваат внатрешни информации | |
| Линк до платформа за објавување внатрешни информации | |
| Линк до платформа за објавување внатрешни информации (доколку има и дополнителна платформа на која се објавуваат внатрешни информации) | |

[1] Форма на трговското друштво согласно Законот за трговските друштва
[2] BIC-SWIFT код за идентификација на банка - само во случај на банки или даватели на финансиски услуги

Прилог 2

| Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија | **Образец РЕМИТ-2**<br>**Правила за доделување на ECRB регистрациски код** | **Република Северна Македонија** |
|---|---|---|

Генерирање на ECRB код како единствен идентификатор за учесниците на пазарот во согласност со член 5 став (2) од Правилникот и член 8 (4) од Процедуралниот акт на ECRB 01/2020

**<u>Генерирање на ECRB код</u>**

1. ECRB кодот се состои од 20 карактери/знаци генерирани на следниот начин:

   а) Карактерите од 1 до 4 секогаш гласат: ECRB

   б) Карактерите 5, 8 и 17 секогаш се знакот: '-'

   в) Карактерите 6 и 7 се однесуваат на ISO кодот на државата, односно во конкретниот случај: 'MK'

   г) Карактерите од 9 до 16 го прикажуваат датумот на поднесување на пополнетиот формулар за регистрација, почнувајќи со 4 карактери за годината (ГГГГ), 2 карактери за месецот (ММ) и 2 карактери за денот (ДД); на пример: "20230530"

   д) Карактерите од 18 до 20 го одразуваат нумеричкиот редослед на регистрација на учесниците на пазарот кои доставиле пријава за регистрација во ист ден.

**Пример:**

Двајца учесници на пазарот (А и Б) ја поднеле пријавата за регистрација до Регулаторната комисија за енергетика на ист ден (на пример 30 мај 2023 година). Првата поднесена пријава ќе биде '001', додека втората поднесена пријава на тој ден ќе биде '002'.

ECRB код на пазарниот учесник А: ECRB-MK-20230530-001

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| E | C | R | B | - | M | K | - | 2 | 0 | 2 | 3 | 0 | 5 | 3 | 0 | - | 0 | 0 | 1 |
| 1 | | | 4 | | 6 | 7 | | 9 | | | | | | | 16 | | 18 | | 20 |

ECRB код на пазарниот учесник Б: ECRB-MK-20230530-002

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| E | C | R | B | - | M | K | - | 2 | 0 | 2 | 3 | 0 | 5 | 3 | 0 | - | 0 | 0 | 2 |
| 1 | | | 4 | | 6 | 7 | | 9 | | | | | | | 16 | | 18 | | 20 |

| | | |
|---|---|---|
| **Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија** | **Образец РЕМИТ-3**<br>**Барање за евидентирање во Регистарот** | **Република Северна Македонија** |

| **Податоци за евидентирање на правно лице** | |
|---|---|
| ECRB регистрациски код[1] | |
| Назив на правното лице | |
| Форма на правното лице [2] | |
| Адреса /Седиште | |
| Град | |
| Поштенски код | |
| Држава | |
| Назив на лиценцата за вршење енергетска дејност[3] | |
| Број на лиценцата за вршење енергетска дејност[4] | |
| EIC код[5] | |
| BIC код[6] | |
| Единствен матичен број на правното лице (ЕМБС)<br>Legal Entity Identifier (LEI) за странско правно лице | |
| Даночен број на правното лице (ЕДБ)[7] | |
| Интернет страна | |
| Дали лицето кое ја доставува пријавата е вработено во правното лице за кое се однесува пријавата? | |
| **Податоци за сопственоста на правното лице** | |
| Име на овластено лице / управител | |
| Презиме на овластено лице / управител | |
| Е-пошта на овластено лице / управител | |

[1] Правните лица кои се регистрираат за прв пат не треба да го пополнат ова поле
[2] Форма на трговското друштво согласно Законот за трговските друштва
[3] Странските трговци и снабдувачи со електрична енергија или гас го внесуваат називот на енергетската дејноста од Решението за упис во Регистарот на странски трговци и снабдувачи со електрична енергија и гас
[4] Странските трговци и снабдувачи со електрична енергија или гас го внесуваат бројот на Решението за упис во Регистарот на странски трговци и снабдувачи со електрична енергија и гас
[5] EIC код издаден од надлежниот оператор за пренос на електрична енергија, односно код на учесникот на пазарот на гас, издаден од надлежниот оператор за пренос на гас
[6] BIC – SWIFT код за идентификација на банка - само во случај на банки или даватели на финансиски услуги
[7] ДДВ број

| Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија | **Образец РЕМИТ-3**<br>**Барање за евидентирање во Регистарот** | **Република Северна Македонија** |
|---|---|---|

| | |
|---|---|
| Телефон на овластено лице / управител | |
| Податоци за крајниот сопственик | |
| Назив на правно лице или<br>Име и презиме на физичко лице | |
| Единствен матичен број на правното лице (ЕМБС) или Единствен матичен број на физичко лице (ЕМБГ) или Legal Entity Identifier (LEI) за странско правно лице или Natural Person Identifier (NPI) за странско физичко лице | |
| Адреса/седиште | |
| Град | |
| Поштенски код | |
| Држава | |
| **Објавување на внатрешни информации** | |
| Линк до сопствена интернет страница каде се објавуваат внатрешни информации | |
| Линк до платформа за објавување внатрешни информации[1] | |
| Линк до платформа за објавување внатрешни информации (доколку има и дополнителна платформа на која се објавуваат внатрешни информации) | |
| **Информации за контакт лице за прашања поврзани со евидентирањето** | |
| Име | |
| Презиме | |
| Е-пошта | |
| Телефон | |
| **Информации за контакт лице за правни прашања** | |
| Име | |
| Презиме | |
| Е-пошта | |
| Телефон | |
| **Информации за контакт лице за комерцијални прашања** | |
| Име | |

[1] https://www.acer-remit.eu/portal/list-inside-platforms

| Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија | **Образец РЕМИТ-3**<br>**Барање за евидентирање во Регистарот** | **Република Северна Македонија** |
|---|---|---|

| | |
|---|---|
| Презиме | |
| Е-пошта | |
| Телефон | |
| **Информации за контакт лице за останати прашања** | |
| Име | |
| Презиме | |
| Е-пошта | |
| Телефон | |
| Документ издаден во електронска форма потпишан со електронски потпис и доставен во електронска форма, се смета за оригинал | |

| **Датум** | М.П | **Овластено лице** |
|---|---|---|
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија** | **Образец РЕМИТ-4**<br>**Известување на Регулаторната комисија за енергетика за примена на исклучокот од забраната за тргување заснована на внатрешни информации** | **Република Северна Македонија** |

| | |
|---|---|
| Правен основ: член 44 став (3) точка 2) од Правилникот, согласно кој забраната за тргување со внатрешни информации не се применува на трансакции во кои учествуваат производители на електрична енергија, оператори на складишта за електрична енергија и/или за гас направени со цел да се покрие ненадејна физичка загуба на енергија која е резултат на непланиран испад при што нивното неизвршување ќе предизвика учесникот на пазарот да не ги исполни постојните договорни обврски или кога оваа трансакција се презема во договор со ОЕПС или ОСПГ со цел да се обезбеди безбедна и сигурна работа на системот. Во овој случај, релевантните информации во врска со трансакциите треба да бидат доставени до Регулаторната комисија за енергетика и да бидат објавени во согласност со членот 45 став (1). | |
| **Општи информации** | |
| Име и адреса на пазарниот учесник што доставува известување | |
| Лица кои ја претставуваат страната што известува во врска со ова известување и нивни контакт податоци (телефон и е-пошта) | |
| Вид на пазарен учесник:<br>- Производител на електрична енергија<br>- Оператор на мрежна инфраструктура за електрична енергија или гас<br>- Друго (дадете опис) | |
| Е-пошта на Регулаторната комисија за енергетика на која се праќа известувањето | remit@erc.org.mk |
| Датум на поднесување | |
| Други информации (доколку е потребно) | |
| **Информации за внатрешната информација на која се однесува известувањето** | |
| Име на постројката | |
| Инсталиран капацитет на постројката | |
| Недостапен капацитет | |
| Датуми, вклучувајќи и часови на непланираниот прекин (од-до) | |
| Други детали | |
| **Индикации за засегнатата трансакција** | |
| Подолу дадете детали за договорот склучен за покривање на непосредната физичка загуба што произлегува од непланираните прекини. Деталите треба да вклучуваат најмалку: договорен капацитет, цена по единица по која се тргува, времетраење на договорот (датум, часови, испорака), договорни страни и датум кога е склучен договорот.<br>Регулаторната комисија за енергетика може да побара дополнителни информации. | |
| | |

| Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија | **Образец РЕМИТ-4**<br>**Известување на Регулаторната комисија за енергетика за примена на исклучокот од забраната за тргување заснована на внатрешни информации** | **Република Северна Македонија** |
|---|---|---|
| Документ издаден во електронска форма потпишан со електронски потпис и доставен во електронска форма, се смета за оригинал | | |
| **Датум** | М.П | **Овластено лице** |

| Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија | Образец РЕМИТ-5<br>**Известување до Регулаторната комисија за енергетика за одложено објавување на внатрешни информации** | Република Северна Македонија |
|---|---|---|

Правен основ: член 45 ставови (2) и (3) од Правилник, согласно кој, учесник на пазарот може на сопствена одговорност да го одложи објавувањето на внатрешна информација за да не им наштети на своите легитимни интереси, под услов: одложувањето на објавувањето има мала веројатност да ја доведе јавноста во заблуда, учесникот на пазарот може да обезбеди доверливост на таквата информација до објавувањето и учесникот на пазарот не носи одлуки за тргување со енергетски производи на пазарите на големо засновани на таквата информација. Во таков случај, учесникот на пазарот веднаш ја доставува информацијата, заедно со образложените на причините за одложеното објавување до Регулаторната комисија за енергетика.

| **Општи информации** | |
|---|---|
| Име и адреса на пазарниот учесник што доставува известување | |
| Лица кои ја претставуваат страната што известува во врска со ова известување и нивни контакт податоци (телефон и е-пошта) | |
| Вид на пазарен учесник:<br>- Производител на електрична енергија<br>- Оператор на мрежна инфраструктура за електрична енергија или гас<br>- Друго (дадете опис) | |
| Е-пошта од Регулаторната комисија за енергетика на која се праќа известувањето | remit@erc.org.mk |
| Датум на поднесување | |
| Други информации (доколку е потребно) | |
| **Информации за внатрешната информација на која се однесува известувањето** | |
| Име на постројката | |
| Инсталиран капацитет на постројката | |
| Недостапен капацитет | |
| Датуми, вклучувајќи и часови на непланираниот прекин (од-до) | |
| Очекувано време на јавно објавување | |
| Адреса/линк каде што информацијата ќе биде објавена | |
| Други детали | |
| **Образложение и докази за потребата и причините за одложено објавување** | |
| | |

| | | |
|---|---|---|
| **Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија** | **Образец РЕМИТ-5**<br>**Известување до Регулаторната комисија за енергетика за одложено објавување на внатрешни информации** | **Република Северна Македонија** |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| Регулаторната комисија за енергетика може да побара дополнителни информации. | | |
| Документ издаден во електронска форма потпишан со електронски потпис и доставен во електронска форма, се смета за оригинал | | |
| **Датум** | М.П | **Овластено лице** |

Прилог 6

| | | |
|---|---|---|
| **Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија** | **Образец РЕМИТ-6**<br>**Известување за потенцијални прекршувања** | **Република Северна Македонија** |

| | |
|---|---|
| Правен основ: секое правно или физичко лице може да пријави сомнително однесување на пазарите на големо на електрична енергија и гас и сите потенцијални прекршувања на член 56 од Законот за енергетика* до Регулаторната комисија за енергетика, додека пазарните учесници, вклучително и секое лице кое професионално посредува во договарање трансакции со енергетски производи на пазарот на големо, доколку имаат основано сомневање дека одредена трансакција може да биде во спротивност со членот 56 од Законот за енергетика*, се должни да ја известат Регулаторната комисија за енергетика. | |
| **Општи информации** | |
| Лице што го поднесува известувањето:<br>- учесник на пазарот<br>- лице кое професионално врши трансакции со енергетски производи (PPAT)<br>- друг надлежен орган<br>- други | [име и адреса на лицето/правното лице/органот кое го доставува известувањето] |
| Лице/лица кои го претставуваат лицето што го поднесува известувањето во врска со ова известување и нивни контакт податоци (телефон и е-пошта) | |
| Е-пошта на Регулаторната комисија за енергетика на која се праќа известувањето | remit@erc.org.mk |
| Е-пошта на ECRB на која се праќа известувањето | |
| Датум на поднесување | |
| Други информации (доколку е потребно) | |
| **Информации за потенцијалното прекршување на член 56 од Законот за енергетика*** | |
| Продукт<br>Пазар на големо со електрична енергија и/или гас | [наведете детали за продукт и пазар на кој се однесува потенцијалното прекршување] |
| Држава каде што потенцијалниот прекршок се случил<br>(Република Северна Македонија или друга договорна страна на ЕЗ) | |
| Категорија или сомневање за прекршување<br>- Тргување врз основа на внатрешни информации (член 56 став (1) од Законот за енергетика*)<br>- Обврска за објавување на внатрешни информации (56 став (6) од Законот за енергетика* и член 45 од Правилникот)<br>- Манипулација на пазарот (член 56 ставови (2) и (3) од Законот за енергетика*) | [наведете детали] |

| | |
|---|---|
| - Обврска за запишување во евиденцијата (регистрација) (член 56 став (5) од Законот за енергетика* и член 6 од Правилникот)<br>- Обврска на лице кое професионално врши трансакции со енергетски производи (PPAT) (член 56 ставови (7) и (8) од Законот за енергетика* и член 50 од Правилникот) | |
| Краток опис на потенцијалниот прекршок<br>(подетален опис дадете подолу) | |
| Датум (и време доколку е применливо) кога се случил потенцијалниот прекршок (или кога започнал) | |
| Начинот на кој лицето кое го доставува ова известување дознало за потенцијалниот прекршок | |
| Учесник/учесници на пазарот кои биле вклучени во потенцијалниот прекршок. | |
| Дали знаете за тековна истрага на било кое регулаторно тело поврзана со овој прекршок? | |
| Каков е вашиот став за општото влијание врз пазарот предизвикано од овој потенцијален прекршок?<br>(повеќе детали може да наведете подолу) | |
| Во кои други држави овој потенцијален прекршок може да има влијание (или веќе предизвикал влијание)? | |
| Дали ова известување (или било кој документ доставен во прилог) вклучува доверливи и комерцијално чувствителни информации?<br>Доколку одговорот е "да", ве молиме посочете кои дадени информации се доверливи или комерцијално чувствителни.<br>Наведете зошто таквите информации претставуваат доверливи или комерцијално чувствителни информации. | |
| Ве молиме наведете список на прилози/документи што се доставуваат во прилог на ова известување. | |
| **Обезбедете подетални информации за сомнителниот прекршок** | |
| | |

| | | |
|---|---|---|
| **Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија** | **Образец РЕМИТ-6**<br>**Известување за потенцијални прекршувања** | **Република Северна Македонија** |

[доколку е потребно доставете дополнителна документација, табеларни пресметки во excel или друг формат, како поткрепа на вашето тврдење за настанатиот потенцијален прекршок]

Документ издаден во електронска форма потпишан со електронски потпис и доставен во електронска форма, се смета за оригинал

| | | |
|---|---|---|
| **Датум** | М.П | **Овластено лице** |

| Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија | **Образец РЕМИТ-7**<br>**Известување за сомневање за прекршок до ECRB и Секретаријатот на ЕЗ** | Република Северна Македонија |
|---|---|---|

| **Општи информации** | |
|---|---|
| Договорна страна | |
| Регулатор кој го поднесува известувањето | |
| Лице/лица кои го претставуваат регулаторот во врска со ова известување и нивни контакт податоци (телефон и е-пошта) | |
| Датум на поднесување до ECRB секцијата | |
| Е-пошта на ECRB на која се праќа известувањето | |
| Други информации (доколку е потребно) | |
| **Информации за потенцијалниот прекршок** | |
| Продукт<br>Пазар на големо со електрична енергија и/или гас | [наведете детали за продукт и пазар на кој потенцијалниот прекршок се однесува] |
| Договорна страна / Држава каде што потенцијалниот прекршок се случил | |
| Категорија или сомневање за прекршување на член 56 од Законот за енергетика*<br>- Тргување врз основа на внатрешни информации (член 56 став (1) од Законот за енергетика*)<br>- Манипулација на пазарот и обид за манипулација на пазарот (член 56 став (2) и (3) од Законот за енергетика*)<br>Лице кое професионално посредува во договарање трансакции со енергетски производи (PPAT) | [наведете детали] |
| Краток опис на потенцијалниот прекршок<br>(подетален опис ќе дадете подолу) | |
| Датум (и време доколку е применливо) кога се случил потенцијалниот прекршок (или кога започнал) | |
| Како регулаторот дознал за потенцијалниот прекршок | |
| Учесник/учесници на пазарот кои биле вклучени во потенцијалниот прекршок | |
| Дали има тековна истрага од страна на регулаторот во врска со овој прекршок (во | |

| | |
|---|---|
| случај прекршокот да спаѓа во надлежност на регулаторот) | |
| Каков е ставот на регулаторот за општото влијание врз пазарот предизвикано од овој потенцијален прекршок?<br>(повеќе детали може да наведете подолу) | |
| Во кои други договорни страни/држави овој потенцијален прекршок може да има влијание (или веќе предизвикал влијание)? | |
| Каква е препораката на регулаторот до ECRB во врска со потенцијалниот прекршок | |
| Дали ова известување (или било кој документ доставен во прилог) вклучува доверливи и комерцијално чувствителни информации?<br>Доколку одговорот е “да”, ве молиме посочете кои дадени информации се доверливи или комерцијално чувствителни.<br>Наведете зошто таквите информации претставуваат доверливи или комерцијално чувствителни информации. | |
| Ве молиме доставете список на прилози/документи што се доставуваат во прилог на ова известување | |

**Обезбедете подетални информации за потенцијалниот прекршок**

[доколку е потребно доставете дополнителна документација, табеларни пресметки во excel или друг формат, како поткрепа на вашето тврдење за настанатиот потенцијален прекршок]

Документ издаден во електронска форма потпишан со електронски потпис и доставен во електронска форма, се смета за оригинал

| **Датум** | М.П | **Овластено лице** |
|---|---|---|